Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 02-2355/2
08-05-2020 20
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ПРАВИЛНИК ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА

**Скопје, Април 2020**

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 20, став 1, алинеа 39 од Законот за одбрана („Службен весник на РМ“ бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), министерката за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува извршувањето на стандардизациските активности во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството) и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата), на начин интероперативен со НАТО, со дефинирање на носителите на стандардизациски активности, нивните задачи, како и процедурите и документите за спроведување на активностите.

### Член 2

Одделни дефиниции/поими употребени во овој Правилник го имаат следното значење:

1) Стандардизација е активност чија цел е воспоставување на правила за општа и повторлива употреба во однос на конкретни или потенцијални проблеми, заради постигнување оптимален степен на уреденост во определено подрачје.

2) НАТО стандардизација претставува развој и имплементација на процедури, проекти и терминологија до ниво потребно за постигнување на интероперативност определено од сојузниците или препорака на примена на корисни практики при мултинационална соработка. Трите нивоа на стандардизација во НАТО се: компатибилност, меѓузаменливост и заедништво.

3) Стандард е документ подготвен со консензус и усвоен од страна на признато тело со кој, заради општа и повторлива употреба, се обезбедуваат правила, упатства или карактеристики за определени активности или резултати од тие активности, чија цел е постигнување оптимален степен на уреденост во определено подрачје.

4) Одбранбен стандард е документ кој содржи правила, упатства или карактеристики за определени активности или нивните резултати, заради постигнување на оптимален степен на уреденост во подрачјето на одбраната.

Одбранбените стандарди треба да:

– бидат релевантни и со актуелен статус;
– бидат сеопфатни во рамките на нивното поле на примена;
– бидат јасни, прецизни и недвосмислени;
– го следат нивото на развој на науката и технологијата;
– овозможуваат иден технолошки напредок;
– бидат разбирливи за стручни лица кои не учествувале во нивниот развој.

5) Техничка спецификација е документкој ги пропишува техничките барања што треба да ги исполнува еден производ, процес или услуга.

- Техничката спецификација треба да ги посочува, по потреба, постапките со чија што помош може да се утврди дали зададените барања се исполнети.
- Техничката спецификација може да биде стандард, дел од стандард или посебен документ независен од стандардот.

Член 3

Во овој Правилник се користи НАТО терминологија од областа на стандардизација во одбраната и наведените поими/кратенки го имаат следното значење:

NSO - *(NATO Standardization Office)* – НАТО Канцеларија за стандардизација

CS – *(Committee for Standardization)* – Комитет за стандардизација

SMG – *(Standardization management Group)* – Група за управување со стандардизација

TA/DTA – *(Tasking Authority/Delegated Tasking Authority)* – НАТО надлежен авторитет за доделување/делегирање на стандардизациска задача

Custodian – Носител на изработка на НАТО стандардизациски документ (делува како „централна точка“ за специфични стандардизациски задачи)

NRs – Национални претставници, учесници на НАТО комитети и бордови

SMEs – *(Subject Matter Exsperts)* - Стручни лица од предметна област на стандардизација

AP – *(Allied Publication)* – Сојузничка публикација

MP – *(Multinational Publication)* – Мултинационална публикација

AAP – *(Allied Administrative Publication)* – Сојузничка административна публикација

AAP-03 – *(Directive for the Production, Maintenance and Management of NATO Standardization Documents)* – Директива за изработка, одржување и управување со НАТО стандардизациски документи

AAP-47 –*(Allied Joint Doctrine Development)* – Сојузничка административна публикација за развој на доктрини

AAP-52 –*(Guidance on Top-Down Standardization)* – Прирачник за стандардизациски пристап „од горе-надолу“

NDPP - *(NATO Defence Planning Process)* - Процес на НАТО одбранбено планирање

STANAG – (*NATO Standardization Agreement)* - НАТО стандардизациски договор

STANREC – (*NATO Standardization Recommendation)* - НАТО стандардизациска препорака

SRD – (*Standard-related document*) – Документ поврзан со стандардот

СППБИ – Систем за планирање, програмирање, буџетирање и извршување

СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ДОКУМЕНТИ ВО ОДБРАНАТА

Член 4

Министерството и Армијата изработува, прифаќа/потврдува, одржува и применува следни стандардизациски документи во одбраната:

1. Одбранбени стандарди и
2. Технички спецификации.

Одбранбените стандарди се донесуваат со прифаќање/потврдување и имплементација на стандардите на Алијансата (во понатамошниот текст НАТО стандарди) во Министерството и Армијата.

Техничките спецификации се подготвуваат со цел да ги задоволат оперативните побарувања и во функција на постигнување на интероперативност со НАТО, со следниот приоритет на селекција на:

– национални цивилни стандарди кои се преземени од европските стандарди,
– европски технички одобренија,
– општи цивилни технички спецификации,
– национални цивилни стандарди кои се преземени од меѓународни стандарди,
– други меѓународни цивилни стандарди,
– други технички референтни системи поставени од европски органи за стандардизација или кога вакви не се пропишани, други национални цивилни стандарди, национални технички одобренија или национални технички спецификации кои се однесуваат на идејното решение, пресметката и изведувањето на работите и користењето на стоките,
– цивилни технички спецификации што произлегуваат од индустријата и се широко признаени од неа или
– национални одбранбени стандарди.

Член 5

Во одбраната за постигнување на интероперативност со Алијансата се применуваат следните НАТО документи:

1. Основни документи (Covering Documents)

STANAG - е *НАТО стандардизациски документ кој го специфицира договорот помеѓу земјите членки да го имплементираат стандардот, во целост или делумно, со или без задршки, со цел да се задоволи одредено барање за интероперативност.*

STANREC – е *НАТО стандардизациски документ кој се користи исклучиво во материјалното поле на стандардизација и вклучува еден или повеќе НАТО или не-НАТО стандарди релевантни за специфична активност на Алијансата, но која не се однесува на интероперативност.*

2. Сојузнички стандарди (Allied Standards):

Allied Standards – се *стандарди развиени или селектирани во рамките на НАТО стандардизацискиот процес.* Истите може да бидат:

– НАТО стандарди (NATO standards);
– цивилни и одбранбени стандарди (non-NATO civil and defence standards).

3. Документ поврзан со стандардот (SRD - Standard Related Document):

SRD – е НАТО *стандардизациски документ кој го олеснува (помага) разбирањето и имплементацијата на еден или повеќе сојузнички стандарди.* Ваков вид на документи можат да бидат:

– Упатства;
– Каталози со национални податоци;
– Упатства за употреба;
– Прирачници и сл.

Член 6

НАТО стандардизациските документи се однесуваат на следниве полиња на стандардизација:

Оперативно поле: НАТО стандардизациски документи кои специфицираат концептуални, организациски или методолошки барања, за да се овозможи материјалите, инсталациите, организациите или силите да ги исполнат нивните функции или мисии.

Материјално поле: НАТО стандардизациски документи кои специфицираат заеднички/општи технички барања за материјално-технички средства/опрема низ нивниот животен циклус. Тука спаѓаат системи, вклучувајќи гисистемите за консултации, команда и контрола (C3), вооружени системи и подсистеми, интерфејси, склопови, компоненти, резервни делови, потрошни средства, вклучувајќи муниција, горива и други предмети на снабдување.

Административно поле: НАТО стандардизациски документи кои и помагаат на администрацијата на Алијансата во различни области, вклучувајќи, но не ограничувајќи се само на терминологија, финансии, човечки ресурси и воени чинови.

## УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ

Член 7

Чинителите на стандардизацискиот систем во Министерството и Армијата ги имаат следните надлежности:

- Советот за стандардизација и кодификација е надлежен за одржување и унапредување на системите за стандардизација и кодификација, формирање на политиката на Министерството во областите на стандардизација и кодификација и следење на нејзината имплементација.
- Организациска единица на Министерството надлежна за управување со стандардизациските процеси е Одделението за стандардизација во Секторот за логистика (во понатамошниот текст ОС/СЛ/МО).
- Организациските единици на Министерството и Генералштабот на Армијата како носители на стандардизациски активности по дефинирани области на стандардизација се одговорни за животниот циклус на стандардизациските документи. Министерот за одбрана со посебно решение ги определува носителите на стандардизациски активности (организациски единици од Министерството и Армијата) и областите на стандардизација во одбраната соодветно за секој носител на стандардизациска активност.
- Постојана Мисија на Република Северна Македонија при НАТО е одговорна за координација на националните активности поврзани со стандардизацијата во НАТО, соработка со националните претставници при подготовката на национален став за стандардизациски прашања третирани на релевантните НАТО комитети и стандардизациски тела. Мисијата претставува влезна точка за НАТО стандардизациските документи кои ги доставува до надлежните авторитети/служби во Министерството и Армијата согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата.

- Национални претставници во НАТО комитети и тела, се лица номинирани од страна на надлежниот авторитет, на годишна основа, а согласно националните приоритети и расположливите ресурси. Работата на националните претставници е проследена со донесување на одлуки и по потреба изнесување на национален став по предметнипрашања од дневниот ред на состаноците.
- Стручни лица од предметна област (SMEs), се определуваат од страна на носителите на стандардизациски активности согласно областите на стандардизација, со задача да учествуваат во работата на НАТО стандардизациски тела (работни групи, тимови, панели) за кои се номинирани. Учеството во НАТО стандардизациските тела може да е директно или со следење и кореспонденција.

Член 8

Задачи на Советот за стандардизација и кодификација се:

- разгледува, дефинира и предлага концепти, проекти, нормативно-правни документи и други општи акти за уредување и определување на надлежностите и начинот на функционирање на системите за стандардизација и кодификација;
- разгледува, ревидира и му предлага на министерот за одбрана области на стандардизација;
- постапува согласно ААР-03 и правно нормативната регулатива за стандардизација во одбраната;
- ги идентификува носителите на стандардизациски активности во согласност со дефинираните области на стандардизација и ги предлага на министерот за одбрана;
- определува приоритети за прифаќање/потврдување на НАТО стандарди согласно предлозите од носителите на стандардизациски активности;
- разработува и усвојува план за стандардизација во одбраната кој го верификува претседателот на Советот и
- ги следи активностите од доменот на стандардизацискиот и кодификацискиот систем во Министерството за одбрана и подготвува годишен извештај за реализираните активности.

Член 9

Задачи на ОС/СЛ/МО се:

- одржување и унапредување на системот за стандардизација во одбраната согласно ААР-03;
- управување со процесот на стандардизација во одбраната,координација на Политиката за НАТО стандардизација во одбраната и насоки за нејзина примена во МО и Армијата;
- претставување на Министерството во НАТО работните тела за стандардизација (CS и SMG), работното тело за стандардизација во одбраната во Европската унија и останатите меѓународни тела за стандардизација;
- координација на процесот на стандардизација со носителите на стандардизациските активности во Министерството и Армијата;

- соработка со националните претставници во работните тела на НАТО кои се надлежни тела за одредени НАТО стандардизациски документи;
- примена на насоките и практиките од НАТО структурите за стандардизација;
- соработка со Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (ИСРСМ);
- реализација на стручни работи врзани за административно-техничка подготовкана националниот одговор за прифаќање/потврдување на НАТО стандарди согласно ААР-03 и правно нормативната регулатива за стандардизација во одбраната;
- подготовка на годишен нацрт-План за стандардизација во одбраната и следење на неговата реализација;
- обука и едукација на вработените во Министерството и Армијата за областа стандардизација во одбраната;
- водење на регистар на одбранбени стандарди, ракување, одржување и чување на документација поврзана со стандардизација во одбраната;
- прибирање на македонски, меѓународни, европски стандарди и стандардизациски документи, воспоставување и одржување на нивна база на податоци, како и стандарди и стандардизациски документи на други национални стандардизациски организации поврзани со одбраната;
- обезбедување на информации за заинтересираните страни од базата на податоци согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата;
- промовирање на употребата на одбранбените стандарди;
- известувања за донесување (прифаќање/потврдување) или повлекување на одбранбени стандарди;
- менаџирање и координирање на работни групи за стандардизација (формирани по потреба) како и координација на меѓуресорски активности поврзани со НАТО стандарди.

Член 10

Задачи на носителите на стандардизациски активности се:
- вршат анализа на поставените цели и задачи и утврдување на потребата за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандарди;
- идентификуваат НАТО стандарди потребни за прифаќање/потврдување, ажурирање и имплементација во одбраната, во областа на стандардизација за која се определени и доставуваат предлози за изработка на годишниот план за стандардизација до ОС/СЛ/МО;
- вршат обработка на НАТО стандарди и доставуваат предлог национални одговори до ОС/СЛ/МО;
- предлагаат национален одговор во постапката за изработка на национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на определен НАТО стандардсогласно ААР-03 и правно нормативната регулатива за стандардизација во одбраната;
- изработуваат планови за имплементација на прифатените/потврдените НАТО стандарди од својата област на стандардизација и ја следат реализацијата на плановите;

- планираат потребни ресурси (финансиски, технички, човечки) за имплементација на прифатените/потврдените НАТО стандарди од своите области на стандардизација, согласно СППБИ;
- изработуваат потребни технички спецификации кои произлегуваат од стандардизациските документи од материјалното поле на стандардизација, во областа на стандардизација од својата надлежност;
- изработуваат годишни извештаи за статусот на имплементација на прифатените/потврдените НАТО стандарди– Прилог 4;
- по потреба доставуваат вонредни известувања до ОС/СЛ/МО за статусот на имплементација на прифатените/потврдените стандарди;
- при обработка на определен НАТО стандард во процесот на подготовката на предлог национален одговор, ангажираат стручни лица од предметната област и по потреба вршат консултации-координација со останатите носители на стандардизациски активности или формираат работни групи;
- предлагаат национални претставници во НАТО комитетите и тела;
- ја следат работата и обезбедуваат ставови и насоки за националните претставници во НАТО комитетите и телата;
- го следат развојот и промените на стандардите во својата област за стандардизација;
- определуваат лица (стручни лица од предметната област) кои се регистрираат на веб страната на НАТО канцеларијата за стандардизација (https://nso.nato.int/protected) и ја следат и/или учествуваат во работата на НАТО работните тела за стандардизација (работни групи, панели и тимови);
- доставуваат податоци за определените стручни лица од предметна област (име, презиме, позиција, мејл и телефон) за претставници/заменици за работа во НАТО работните тела за стандардизација (работни групи, панели и тимови) до ОС/СЛ/МО, најдоцна до 30.11. во тековната, за наредната година.

Член 11

Задачи на Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при НАТО се:
- учество во процесот на стандардизација во одбраната и координација со ОС/СЛ/МО;
- примена на Политиката за НАТО стандардизација во одбраната;
- примена на правно-нормативната регулатива за стандардизација во одбраната и на ААР-03;
- учество/следење на работата во НАТО работните тела за стандардизација;
- дистрибуција на НАТО стандардизациски документи согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата;
- соработка со националните претставници во НАТО работните тела за стандардизација, давање препораки и учество во подготовката на национален став по прашања од областа на стандардизација во одбраната.

Член 12

Задачи на националните претставници во НАТО комитети и телаво НАТО стандардизациските процеси се:
- учество во работата на НАТО комитетите и телата за кои се номинирани (директно или со следење и кореспонденција);

- анализа на дневниот ред и подготовка за состаноците на наведените НАТО тела;
- директна комуникација со надлежните лица за контакт во НАТО, со цел добивање неопходни информации за градење на национален став;
- подготовка на национален став по одредено прашање во случај кога дневниот ред на состанокот го изискува тоа;
- во процесот на подготовката на националниот став соработува со други одговорни структури од Министерството и Армијата;
- усогласениот национален став во писмена форма го доставува до надлежен/овластен авторитет;
- во случај кога националниот став е поврзан или се однесува на стандардизациски прашања, националниот претставник е должен извештајот од состанокот (вклучително со националниот став) да го достави и до ОС/СЛ/МО.

Член 13

Задачи на стручни лица од предметна област во НАТО работни тела за стандардизација се:

- учество во работата на НАТО стандардизациски тела (работни групи, панели, тимови) за кои се номинирани. Учеството во НАТО стандардизациските тела може да е директно или со следење и кореcподенција;
- обработка на НАТО стандарди со цел подготовка на предлог национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандарди согласно ААР-03 и правно нормативната регулатива за стандардизација во одбраната;
- учество во изработката на планови за имплементација на прифатените/потврдените НАТО стандарди;
- соработка и координација со ОС/СЛ/МО и со Постојаната Мисија на Република Северна Македонија при НАТО.

Член 14

Генералштабот на Армијата, во состав на одобрената формација, обезбедува организациска структура која е функционално надлежна за извршувањето на стандардизациските активности во Армијата и соработка со ОС/СЛ/МО.

Освен задачите дефинирани во член 10 од овој Правилник, ГШ на Армијата ги извршува и следните задачи:

- врши функционални анализи на спроведувањето на стандардизациските активности во Армијата и доставува предлози за нивно унапредување;
- координација и насочување на активностите во процесот на стандардизација во одбраната во областите на стандардизација за кои ГШ на Армијата се појавува во улога на носител на стандардизациски активности;
- координација на активностите во Армијата поврзани со прибирање на предлози за изработка на годишниот План за стандардизација во одбраната, идентификување на потребни НАТО стандарди и определување на приоритети согласно NDPP;

- координација на активности поврзани со преземање и дистрибуција на стандардизациски документи во одбраната со ОС/СЛ/МО;
- во координација со ОС/СЛ/МО, формира и управува со соодветна база на податоци за стандардизациски документи на ниво на Армијата и обезбедува нивна достапност до корисниците во Армијата.

## СТАНДАРДИЗАЦИСКИ ПРОЦЕСИ ВО ОДБРАНАТА

### Член 15

Спроведувањето на мерките, постапките и процедурите во процесот на развој, прифаќање/потврдување и имплементација на стандардите на Алијансата (во натамошниот текст: НАТО стандарди) се реализираат во согласност со ААР-03 „Директива за развој, одржување и управување со НАТО стандардизациски документи" (ААР-03 - Directive for the Production, Maintenance and Management of NATO Standardization Documents).

Мерките, постапките и процедурите од став 1 на овој член се однесуваат на: развивање и донесување на стандардите на Алијансата (НАТО стандарди), нивно преземање, прифаќање/потврдување, означување, преиспитување, дополнување и повлекување.

### Член 16

Стандардизацијата треба да обезбеди решенија за интероперативни барања. Барањата произлегуваат или од процесот на НАТО процесот на одбранбено планирање (NDPP – NATO Defence Planning Process), усогласени иницијативи на Алијансата и планирање на НАТО операции (пристап „од горе-надолу"), или од научени лекции од вежби и операции (пристап „од долу – нагоре").

### Член 17

Во развојот и примената на НАТО стандардите, Министерството и Армијата учествуваат во следните фази:

- иницирање на развој на нов стандард (Standardization proposal)
- студија (Study Draft)
- прифаќање/потврдување (Ratification)
- објавување (Promulgation)
- примена (Implementation)
- ревизија (STANAG/AP Review).

### Иницирање на развој на нов НАТО стандард (Standardization proposal)

### Член 18

Иницирање на развој на нов стандард се реализира на еден од начините:
- од горе надоле (top down);
- од доле нагоре (bottom up).

Член 19

Земјите членки на НАТО, партнерите и НАТО телата се изјаснуваат преку пополнување на SI (standardization inquiry), на англиски јазик, од страна на надлежниот носител на стандардизациска активност - Прилог 8.

ОС/СЛ/МО, согласно AAP-03, пополнетиот SI го доставува до надлежниот НАТО авторитет.

Студија (study draft)

Член 20

По дефинирање на носителот на изработка на НАТО стандардот (Custodian) следи развој на нов стандард кој започнува со изработка на студија/предлог стандард изработена од НАТО работна група (панел или тим) составена од претставници од НАТО команди и претставници од земјите членки, експерти за одредено подрачје.

Студијата/предлог стандардот поминува низ неколку верзии (SD1,2,...) се до крајното усогласување на побарувањата на заинтересираните страни, а процесот завршува со изработка на финалната верзија на предлог стандардот (Final Draft-FD).

НАТО стандарди кои се во фаза на студија се дистрибуираат преку Постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел до предметниот носител на стандардизациска активност, до ОС/СЛ/МО и/или стручните лица од предметната област ги превземаат документите од релевантното НАТО стандардизациско тело чија работа ја следат.

Стручните лица од предметните области, од ставот 1, даваат забелешки и предлози до носителот на стандардизациската активност од својата област на стандардизација во фазата на изработка на студијата.

Носителот на предметната стандардизациска активност, по потреба, се координира со други носители на стандардизациски активности заради давање забелешки или предлози со цел формирање на национален став по предметниот НАТО стандард. По однос на оваа активност носителот на предметната стандардизациска активност може да формира стручна/меѓуресорска работна група за стандардизација.

Стручните лица од предметните области земаат активно учество во работата на работната група или истото го реализираатпо пат на службена кореспонденција.

Прифаќање/Потврдување (Ratification)

Член 21

Прифаќање/потврдување (ratification) е постапка во која земјата членка на НАТО ги дефинира своите национални позиции во однос на прифаќањето/потврдувањето и примената на одреден НАТО стандард.

Член 22

По конечното одобрување на финалната верзија на предлог стандардот (Final Draft-FD) од страна на TA/DTA, следи процесот на националниот одговор за

прифаќање/потврдување и имплемантација на нацрт документот за прифаќање/потврдување (Ratification Draft-RD) согласно AAP-03.

По прием на нацрт документот за прифаќање/потврдување (RD) во Постојаната мисија на Република Северна Македонија при НАТО во Брисел, истиот се проследува до ОС/СЛ/МО согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата.

Со пропратен акт/барање, ОС/СЛ/МО го проследува НАТО стандардот (RD) до носителот на стандардизациската активност надлежен за соодветната област на стандардизација со цел истиот да изврши обработка/анализа на документот и да даде предлог национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација (ratification and implementation) - Прилог 1.

За време на обработката/анализата, носителот на стандардизациска активност го зема во предвид следново:

- моментален статус на предметната воена способност наспроти побарувањата на Алијансата;
- национални планови за развој на предметната воена способност;
- видови на вооружени сили кои ќе работат на имплементацијата на предметниот стандард;
- потребните активности за имплементација на предметниот стандард, на пр. набавка на нова опрема, развој или ажурирање стандарди (спецификации), промени во програмите за обука и вежби, промени/надградба на постојните ИТ системи, промена на структура и сл.;
- потребни ресурси за имплементација на предметниот стандард;
- планиран датум на имплементација на стандардот;
- национални задршки кои ја ограничуваат целосната имплементација на предметниот стандард.

Член 23

Врз основа на извршената обработка, носителот на стандардизациската активност подготвува предлог Национален одговор за прифакање/потврдување и имплементација на нацрт НАТО стандардот (STANAG Rratification Draft), на македонски и англиски јазик во соодветно пропишан образец, и го доставува во бараниот рок до ОС/СЛ/МО - Прилог 2.

Носителот на стандардизациска активност потребно е за секој прифатен/потврден НАТО стандардда изработи план за имплементација кој начелно ги опфаќа следните елементи:

- листа на команди и единици од Армијата на кои стандардот се однесува;
- листа на носители на имплементација по задачи (ОЕ од Министерството и ГШ, команди и единици на Армијата);
- главен носител на имплементација на стандардот;
- временски рокови за имплементација;
- прилагодување (адаптирање) на стандардот во национален документ (концепт, доктрина, правило, упатство, спецификација и сл.) со стручна поддршка од соодветни организациски единици од Министерството и Армијата (доколку има потреба),
- измени во организациска структура (доколку има потреба);

- обезбедување на потребна инфраструктура (доколку има потреба);
- прием и воведување во употреба на материјално-технички средства предвидени со Планот за опремување и модернизација (доколку има потреба),
- планирање и реализација на потребната обука (доколку има потреба),
- потребни финансиски средства за изградба на целната способност (capability target-CT), а во согласност со СППБИ,
- потреба од вклучување на цивилни структури (доколку има потреба),
- и друго.

Член 24

Во предлогот за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард, по извршената обработка, се нотира национална позиција со избор на еден од понудените 6 (шест) одговори (согласно AAP-03):

- Прифаќање/потврдување и имплементација (Ratifying and implementing) – со овој одговор се дава согласност во целост со содржината на НАТО стандардот и негова имплементација во планираниот рок.

*Овој одговор се смета за позитивен согласно критериумот за објавување на НАТО стандардот.*

- Прифаќање/потврдување и имплементација, со задршки (Ratifying and implementing, with Reservations) – со овој одговор се дава согласност со содржината на НАТО стандардот, но со посебно наведени задршки поради неможноста за примена на одредени одредби од НАТО стандардот. Секоја задршка се образложува и се дефинира имплементацијата на НАТО стандардот во планираниот рок.

*Овој одговор се смета за позитивен согласно критериумот за објавување на НАТО стандардот.*

- Прифаќање/потврдувањесо идна имплементација (Ratifying, future implementation) – со овој одговор се дава целосна согласност со содржината на НАТО стандардот, но, не е можно да се одреди краен рок во кој ќе се имплементира истиот. Оваа национална позиција подразбира дека НАТО стандардот ќе се имплементира во иднина кога за тоа ќе се создадат неопходни предуслови (организациски, човечки, материјални или финансиски).

*Овој одговор се смета за позитивен согласно критериумот за објавување на НАТО стандардот.*

- Прифаќање/потврдување со идна имплементација, со задршки (Ratifying, future implementation, with reservations) – со овој одговор се дава согласност со содржината НАТО стандардот, но, не е можно да се одреди краен рок во кој ќе се имплементира истиот и притоа постојат посебно наведени задршки поради неможноста за примена на одредени одредби од НАТО стандардот. Оваа национална позиција подразбира дека НАТО стандардот ќе се имплементира со задршки во иднина, кога за тоа ќе се создадат неопходни предуслови (организациски, човечки, материјални или финансиски).

*Овој одговор се смета за позитивен согласно критериумот за објавување на НАТО стандардот.*

– Неприфаќање/непотврдување (Not ratifying) – овој одговор индицира дека земјата членка не се согласува со НАТО стандардот (STANAG). Одговорот треба да содржи исцрпна информација за тоа, дали станува збор за национален приговор/пречка за објавување на стандардот или едноставно земјата членка нема способности за имплементација на НАТО стандардот.

*Овој одговор не го стопира процесот на ратификација во НАТО, доколку не е поддржан со приговор/пречка од земја членка. Доколку земја членка приговара во процесот на објавување на НАТО стандардот во временската рамка за ратификација определена од страна на TA/DTA, процесот запира и НАТО стандардот се повлекува од ратификацискиот процес, по што повторно се доставува од NSO до одговорната TA/DTA.*

– Неучество (Not participating) – овој одговор индицира дека земјата членка нема капацитети, можности или интерес за стандардизација на конкретното подрачје, за што е потребно да се достави образложение.

*Овој одговор се смета за апстиненција и не влијае на критериумот за објавување на НАТО стандардот.*

Како дополнителни информации при формирање на националната позиција при изработката на предлог национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард, се даваат следни елементи:

1. Задршки

Задршките се однесуваат на специфични области/одредби од НАТО стандардот за кои земјата членка има ограничувања да ги имплементира во целост (или парцијално), како што е наведено во НАТО стандардот.

2. Коментари

Коментаритепретставуваат забелешка која не е задршка. Истите не подразбираат ограничување (или рестрикција) при имплементацијата.

3. Национални документи за имплементација

Национални документи за имплементација се всушност документи преку кои се врши инкорпорирање на содржината на НАТО стандардот во националната регулатива (концепти, доктрини, правила, упатства, одбранбени стандарди или технички спецификации).

4. Планиран датум за имплементација за Копнена војска/Воено воздухопловство/Други – претставува (ДОП+мм) датум на објавување на НАТО стандардот плус рок изразен во месеци во кој ќе се постигне имплементација на стандардот.

5. Ефективен датум за имплементација за Копнена војска/Воено воздухопловство/Други – претставува датум кој се определува за НАТО стандарди за кои е потребно сите земји членки да ги имплементираат.

Член 25

По доставените предлог Национални одговори за прифакање/потврдување и имплементација на нацрт НАТО стандарди (STANAG Ratification Draft), ОС/СЛ/МО подготвува и доставува до Министерот за одбрана на потпис:

– Решение за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард на македонски јазик и

– Национален одговор за прифаќање/потврдување на НАТО стандардот, на пропишан образец на англиски јазик- Прилог 3.

Националните одговори за прифаќање/потврдување на НАТО стандардот (STANAG), потпишани и оверени, ОС/СЛ/МО ги доставува до НАТО канцеларијата за стандардизација (NATO Standardization Office – NSO), на начин кој е пропишан со AAP - 03, со користење на програмската алатка на NSO e-ratification.

Внесување на податоци во програмската алатка NSO e-ratification tool реализираат лица од ОС/СЛ/МО во согласност со нивните должности од описот и пописот на работните места од Правилникот за систематизацијана работни места во Министерството. Наведените лица се одговорни за точно и прецизно внесување на податоци во програмската алатка NSO e-ratification, а во согласност со потпишаните и оверени Национални одговори за прифаќање/потврдување на НАТО стандарди.

Објавување (promulgation)

Член 26

По завршената постапка на прифаќање/потврдување (*ratification*) на земјите членки на НАТО, NSO врши објавување *(promulgation)* на одреден НАТО стандард, за што се известуваат земјите членки и врши ажурирање на веб страната на NSO.

Имплементација (Implementation)

Член 27

НАТО стандард се смета за имплементиран кога сите побарувања дефинирани во одредбите од стандардот во параграфот „IMPLEMENTATION AGREEMENT" ќе бидат исполнети.

Притоа носителот на стандардизациска активност е задолжен да ја следи имплементацијата согласно планот за имплементација од член 23 на овој Правилник.

Носителите на стандардизациски активности имаат обврска, најмалку еднаш годишно да доставуваат известување до ОС/СЛ/МО, во кое го опишуваат статусот на имплементација на прифатениот/потврдениот НАТО стандард- Прилог 4.

Член 28

Носителот на стандардизациската активност по завршувањето на процесот на имплементација, подготвува Предлог национален одговор за имплементација, на македонски и англиски јазик, со кој ја потврдува имплементацијата на НАТО стандардот со доставување на пополнет образец до ОС/СЛ/МО - Прилог 5.

По доставениот предлог Национален одговор за имплементација на НАТО стандардот, на македонски и англиски јазик, ОС/СЛ/МО го подготвува и доставува до Министерот за одбрана на потпис националниот одговор за имплементација на НАТО стандардот, на пропишан образец на англиски јазик - Прилог 6.

Националните одговори за имплементација на НАТО стандардите, потпишани и оверени, ОС/СЛ/МО ги доставува до НАТО канцеларијата за стандардизација (NATO

Standardization Office – NSO), на начин кој е пропишан со AAP - 03, со користење на програмската алатка на NSO e-reporting tool.

Член 29

При евентуална промена на статусот на имплементација од плановите за имплементација на прифатените/потврдените стандарди, носителот на стандардизациската активност го известува ОС/СЛ/МО за ново настанатата измена (одлагање или забрзување на имплементацијата на НАТО стандардот) или евентуални неможности за негова имплементација - Прилог 4.

По добивањето на известувањето за статусот на имплементација (Прилог 4),ОС/СЛ/МО врши ажурирање на статусот на имплементација на НАТО стандардот со внесување на изменетите податоци согласно AAP - 03, со користење на програмската алатка на NSO e-reporting tool.

Изменетите податоци на статусот на имплементација, носителите на стандардизациските активности ги доставуваат до ОС/СЛ/МО во моментот на настанатата измена- Прилог 4.

Ревидирање (STANAG/AP Review)

Член 30

Ревидирање на НАТО стандард се врши на секои 5 (пет) години при што се утврдува: проценка на валидноста на предложениот текст, проверка на терминологијата и се разгледуваат причини за нератификување на стандардот од страна на поедини НАТО членки, согласно AAP-03.

Учеството на носителот на стандардизациската активност во работата на релевантното НАТО работното тело за стандардизација се реализира преку директно учество на националниот претставник/стручно лице од предметна област на состаноците или преку коресподенција.

Како резултат на процесот на ревидирањето на предметниот НАТО стандард се предлагаат одредени активности до TA/DTA:

- стандардот е применлив и актуелен;
- стандардот е неприменлив и се предлага негово повлекување;
- стандардот да се замени со соодветен цивилен стандард;
- понатамошна надлежност за стандардот да се префрли на цивилна организација за стандардизација;
- стандардот да се спои со друг НАТО стандардизациски документ;
- да се измени или дополни стандардот, за надминување на воочените недостатоци;
- промена на надлежноста за следење на стандардот (друга РГ или трансфер на друг TA или DTA).

Процесот на означување на ревидираните стандарди завршува со:

- издавање на нова верзија на стандардот (се побаруваат помали амандмански измени) или
- издавање на ново издание/едиција (се побаруваат измени во поголем обем).

Одобрување на НАТО стандардизациски препораки (STANREC)

Член 31

Добиениот нацрт документза одобрување – НАТО стандардизациска препорака (STANREC –AD Approval draft) од страна на НАТО, ОС/СЛ/МО го доставува до релевантниот носител на стандардизациска активност врз основа на содржината (сродната област на стандардизација) која се обработува.

Член 32

Одобрувањето на нацрт документот STANREC-AD се спроведува со постапката „процедура на молчење" во организација на НАТО. Во случај кога носителот на стандардизациска активност е согласен со содржината на документот, не е неопходно писмено произнесување на националната позиција кон НАТО, односно непроизнесувањето значи прифаќање на документот STANREC –AD Approval draft.

Во случај кога носителот на стандардизациска активност не е согласен со содржината на документот, неопходно е писмено произнесување на националната позиција кон НАТО со доставување на својот став согласно AAP-03, во пропишаниот временски рок, со што ја прекинува процедурата на молчење. Кореспонденцијата се одвива преку ОС/СЛ/МО.

Член 33

По објавување на НАТО стандардизациска препорака (STANREC) од страна на NSO/NATO, преку ОС/СЛ/МО истиот се дистрибуира до сите заинтересирани страни.

СТРУКТУРА, ОЗНАЧУВАЊЕ И ОБЛИК НА ОДБРАНБЕНИТЕ СТАНДАРДИ

Член 34

Секој прифатен/потврден НАТО стандард се означува со нумерички ознаки и букви кои го означуваат стандардот.

Прифаќањето/потврдувањето на НАТО стандард на јазикот на кој е објавен се врши на начин, така што на прифатениот/потврдениот НАТО стандард му се додава насловна страница (метод на корица) на македонски јазик.

Означувањето од став 1 на овој член го врши ОС/СЛ/МО.

Член 35

Ознаката на одбранбениот стандард се состои од три дела:

- првиот дел е ознака која го означува стандардот и се состои од големи кирилични печатни букви "ОС" (Одбранбен Стандард);
- вториот дел од ознаката се состои одоригиналната НАТО ознака на стандардот, вклучително со 4-те арапски бројки со кои се обележува бројот на стандардот почнувајќи од бројот 1000.
- третиот дел од ознаката се состои од 4 арапски бројки кои се однесуваат на годината на издавање на стандардот, одвоена со две точки и бројот на издадена едиција (на пр. ОС STANAG 3092: 2019 Ед.3).

Член 36

Ознаката на одбранбениот стандард може исто така да биде придружена со наведување на јазикот на кој се објавува текстот на стандардот (на пр. ОС STANAG3092: 2019 Ед.3 en/fr).

Член 37

На насловната страница на одбранбениот стандард кој е прифатен/потврден, веднаш под логото на Министерството за одбрана стои: носител на стандардизациска активност кој го подготвил предлог националниот одговор за прифаќање/потврдување на стандардот, област на стандардизација, ознака на стандардот пропишана со овој Правилник, назив на стандардот, деловодствен број под кој е заведен стандардот (бројот на решението за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард), носител на стандардизациска активност (раководител на ОЕ со име и презиме)- Прилог 7.

На задната страна од насловната страница се внесуваат следните податоци:

- стручните лица од предметната област кои учествувале во обработка на стандардот;
- детали за прифаќање/потвдување (национални коментари и задршки).

НАТО стандардот прифатен/потврден со одреден степен на тајност ја задржува НАТО безбедносната класификациска ознака согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата.

СТАНДАРДИЗАЦИЈАТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДБРАНБЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Член 38

Стандардизацијата е составен дел на процесот на НАТО одбранбеното планирање (NATO Defence Planning Process - NDPP) и е една од алатките во процесот на постигнување на интероперативност.

Развојот, прифаќањето/потврдувањето и имплементацијата на стандардите како и на научените лекции од учество во вежби и операции (стандардизациски пристап „од долу-нагоре") е насочено кон исполнување на барањата за интероперативност, со крајна цел развој и изградба на капацитети со соодветни способности компатибилни со земјите членки на НАТО.

Обезбедување на усогласеност (хармонизација) помеѓу декларираните способности на Армијата и стандардизациските документи претходно воспоставени низ петте чекори на NDPP, е суштинско и треба да претставува основа за определувањето на способностите на Алијансата. Притоа, користењето на стандардизацискиот пристап „од горе-надолу" и усогласувањето на процесите согласно AAP-52 (Allied Administrative Publication) има за цел одредување приоритети на националните стандардизациски активности во поддршка на NDPP.

Достигнатиот степен на стандардизација меѓу земјите членки на Алијансата е параметар кој се зема во предвид во процесот на генерирање на сили (Force Generation Process) за поддршка на НАТО водените мисии и операции.

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ ВО ОДБРАНАТА

### Член 39

Технички спецификации се изготвуваат од страна на носителите на планирање (организациски единици во Министерството за одбрана и Армијата, на кои со финансискиот план им се распределени финансиски средства).

Процедурата за изработка на техничките спецификации се спроведува во согласност со националната регулатива која ја третира оваа проблематика.

Контролниот механизам за проверка на соодветноста на техничките карактеристики и критериумите за квалитет дефинирани во техничките спецификации е во надлежност на организациската единица за контрола на квалитет во Министерството.

## ИЗРАБОТКА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА

### Член 40

Предлози за изработка на План за стандардизација во одбраната (Прилог 9) се доставуваат од страна на носителите на стандардизациските активности до ОС/СЛ/МО, со рок на доставување на предлози најдоцна до 31.10. тековна година, за наредната година.

Предлог Планот за стандардизација во одбраната, тежишно ги опфаќа НАТО стандардите кои се приоритетни за носителите за стандардизациски активности согласно NDPP и СППБИ.

ОС/СЛ/МО врши анализа на пристигнатите предлози, утврдува уредност и комплетираност на податоците и по потреба врши координација со носителите на стандардизациските активности во Министерството и Армијата.

Предлог годишниот план за стандардизација во одбраната се доставува до Советот за стандардизација и кодификација на одобрување најдоцна до крајот на календарската година за наредната година.

Годишниот план за стандардизација во одбраната го одобрува Претседателот на Советот за стандардизација и кодификација. Одобрениот План за стандардизација во одбраната се доставува до носителите на стандардизациски активности на извршување, во рок од 10 дена од денот на неговото одобрување.

## АДМИНИСТРИРАЊЕ НА ОДБРАНБЕНИТЕ СТАНДАРДИ

### Член 41

ОС/СЛ/МО води Регистар на прифатени/потврдени НАТО стандарди во одбраната.

Регистарот на стандарди од ставот 1 на овој член содржи податоци за:

- прифатени/потврдени НАТО стандарди од област на одбраната;
- податоци за носителот на стандардизациска активност/стручно лице од предметна област;
- актуелен статус на прифатени/потврдени НАТО стандарди;

- измени/нови едиции на прифатени/потврдени НАТО стандарди согласно областитеза стандардизација;
- статус на имплементација на прифатените/потврдените НАТО стандарди и
- останати потребни податоци.

Регистарот на стандарди од став 1 на овој член се води во електронска и (по потреба) во печатена форма.

Одбранбениот стандард кој е класифициран, се чува во Регистарот-одделение за работа со странски класифицирани информации при МО согласно позитивната законска легислатива и НАТО регулативата.

Член 42

Во ОС/СЛ/МО се формира стандардотека која содржи регистар и досијеа на сите стандардизациски документи кои се во употреба во МО и Армијата.

Стандардотеката претставува специјализирана библиотека во склоп на ОС/СЛ/МО, во која се чуваат, одржуваат и ажурираат стандарди и други документи од областа на стандардизација во одбраната.

Како референтно место за информирање за документите од областа на стандардизација, во стандардотеката е овозможен пристап до информации кои се на располагање во ОС/СЛ/МО, зависно од степенот на класификација на информациите/стандардите. На тој начин се обезбедува и стручна помош при пребарување и дефинирање на потребите на корисникот.

ОС/СЛ/МО подготвува за Советот за стандардизација и кодификација, годишна информација за прифатените/потврдените и повлечените одбранбени стандарди со цел постигнување транспарентност.

## ИЗВОРИ И ДИСТРИБУЦИЈА НА СТАНДАРДИТЕ ВО ОДБРАНАТА

Член 43

Подзаконската/нормативна регулатива од областа на стандардизација во одбраната се објавува и се ажурира на веб-страната на Министерството за одбрана.

Некласифицирани информации поврзани со прифатени/потврдени НАТО стандарди и други податоци од аспект на стандардизација во одбраната се објавуваат на соодветен електронски медиум и редовно се ажурираат од страна ОС/СЛ/МО во соработка со Секторот за К4/МО и Ј6/ГШ на Армијата.

Пристап до НАТО некласифицирани стандардизациски информации имаат сите чинители во стандардизациската заедница во одбраната (од Министерството и од ГШ на Армијата) во согласност со принципот за транспарентност од Политиката за НАТО стандардизација во одбраната.

На јавната веб-страна на НАТО,www.nato.int се достапни стандардизациски документи на НАТО кои не се НАТО класифицирани, односно се јавно достапни.

На заштитената веб-страна на НАТО,https://nso.nato.int/protected се достапни стандардизациски документи на НАТО кои содржат НАТО некласифицирани информации (NATO UNCLASSIFIED).

Во рамките на Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија (ИСРСМ) формирано е Информативно контактно тело – Инфо Центар кој:

– дава информации на заинтересираните страни за (цивилни) македонски, меѓународни, европски стандарди и други стандардизациски документи;
– врши продажба на стандарди и стандардизациски документи;
– врши издавачка дејност;
– дава информации за подготвување и усвојување на македонските стандарди и стандардизациски документи;
– врши промотивни активности.

Цивилните стандарди може да се обезбедат преку ОС/СЛ/МО во електронска форма, согласно позитивната законска регулатива во Република Северна Македонија.

## ОБУКА И ЕДУКАЦИЈА

### Член 44

Планирање, координација и спроведување на обуки за стандардизација во одбраната се во надлежност на ОС/СЛ/МО, со цел зајакнување на националните едукативни капацитети на ова поле и достигнување на способност за ефикасна реализација на целите и задачите.

Разбирањето и подигањето на свеста за стандардизација се постигнува преку националните и мултинационалните стандардизациски тела, како и преку интернационални стандардизациски обуки/семинари/работилници и обуки (интерни) на национално ниво.

Во НАТО контекст, едукацијата и индивидуалната обука се национална одговорност. Двата начина, електронски и конвенционални едукативни модули/платформи се воспоставени и треба да се користат, со цел да ја промовираат едукацијата за стандардизација во одбраната која истата ја прават широко достапна. CS (Комитетот за стандардизација) ја потенцира важноста и придобивките од зајакнување на националните капацитети за обука и едукација за стандардизација во одбраната.

## ФИНАНСИИ

### Член 45

Носителите на стандардизациските активности кои реализираат задачи во доменот на стандардизација во одбраната, планираат за таа цел финансиски средства за имплементација на прифатени/потврдени НАТО стандарди согласно СППБИ, вклучително и за (по потреба) формирање на работни групи за стандардизација.

ОС/СЛ/МО искажува потреби за финансиски средства за:

– обуки и едукација во земјата и странство;
– купување на цивилни, македонски, странски и други стандарди, стручни списанија и стручна литература за потребите на стандардизацискиот систем во одбраната.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 46

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престануваат да важат: Концептот за стандардизација во одбраната (бр.01-5062/1 од 10.10.2005 година); Упатството за спроведување на постапка за усвојување и имплементација на НАТО стандарди и сојузнички публикации (бр.01-8165/1 од 01.12.2010 година) и Упатството за работа на работните групи за стандардизација инт.бр.02-572/1 од 02.09.2003 година.

Член 47

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

***МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА***

***Радмила Шекеринска-Јанковска***

Прилог 1

Дел.бр:
Датум:
Вк. страници:

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СЕКТОР ЗА ЛОГИСТИКА

ДО: ____________________________

Предмет: Барање за изработка на предлог Национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард STANAG xxxx(x)

Врз основа на Правилникот за стандардизација во одбраната (бр.__________од __________20__ година) потребно е до Одделението за стандардизација да доставите предлог Национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандардот STANAG XXXX

| | | | |
|---|---|---|---|
| НАТО документ: | <NATO Subject/Title> | | |
| НАТО број: | <NATO Number> | НАТО датум: | <NATO date> |
| НАТО работна група: | <naziv TA/WG> | Рок за одговор: | <dokument/NSDD> |

Статус на документот:
(означи го соодветното поле со X)

- [ ] нацрт за потврдување на STANAG (eng. RATIFICATION DRAFT)
- [ ] објавен STANAG (eng. PROMULGATED)

Предлог на Национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандард STANAG oznaka xxxx(x) доставете го на пропишан образец најдоцна до __________20__ година.

Изработил:
Контролирал:
Одобрил:

Сектор за логистика
Раководител

____________________________

Копија доставена до (за информирање):

Прилог 2

| |
|---|
| Дел.бр: |
| Датум: |
| Вк. страници: |

[< ЛОГО НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕДИНИЦА/МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА ИЛИ ГШ НА АРМИЈАТА >]

[<НАЗИВ НА ОЕ-НОСИТЕЛ НА СТАНДАРДИЗАЦИСКА АКТИВНОСТ>]

ДО: <u>Сектор за логистика/Одделение за стандардизација</u>

Предмет: Предлог Национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандардот STANAG xxxx(x)

Врска: <Врска>

НАТО документ(Eng.): <NATO Subject/Title>
НАТО документ(МКД): <NATO Subject/Title>
НАТО број: <NATO Number> НАТО датум: <NATO date>
НАТО работна група: <naziv TA/WG> Рок за одговор: <dokument/NSDD>

Статус на документот:
(означи го соодветното поле со X)

| | |
|---|---|
| | нацрт за потврдување на STANAG (eng. RATIFICATION DRAFT) |
| | објавен STANAG (eng. PROMULGATED) |

Во согласност со Правилникот за стандардизација во одбраната, носителот на стандардизациска активност за предметниот НАТО стандард (STANAG) пристапи кон негова обработка и врз основа на анализата го предлага следниот Национален одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандардот (STANAG):

(пополнува предлагачот)

**ПРИФАЌАЊЕ/ ПОТВРДУВАЊЕ**

**Информација за прифаќање/потврдување (engl. RATIFICATION):**

| Прифаќање/потврдување и имплементација | | Прифаќање/потврдување со идна имплементација | | Неприфаќање/ непотврдување | Без учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | со задршка | | со задршка | | |
| (A) | (B) | (C) | (D) | (E) | (F) |

(соодветното поле да се означи со X)

(пополнува предлагачот во случаи кога е штиклирано А или B од претходната табела)

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

| Планиран датум на имплементацијата (ММ/ГГ): | | |
|---|---|---|
| **Копнена војска** | **Воздухопловство** | **Останато** |
| / | / | / |

(соодветното поле да се означи со: мм/гг - за STANAG во статус PROMULGATED
DOP+мм - за STANAG во статус RD

Изработка на национален документ за имплементација на НАТО стандардот (STANAG) (на македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Задршки (B) и (D), ако постојат (на македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Објаснувања (E) и (F), за причините зошто без потврдување или без учество (на македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Коментар (доколку постои за A, B, C и D):

Прилози (доколку постојат):

Во подготовката на предлог Националниот одговор за прифаќање/потврдување и имплементација на НАТО стандардот (STANAG) учествуваа следните лица:

<чин, име и презиме>
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >

[Носител на стандардизациска активност]

______________________________

Прилог 3

NATO CLASSIFICATION

| | | |
|---|---|---|
| **Originator:** | [Member Nation] | **[National reference]** |
| **To:** | NSO | |
| **Cc:** | [TA/DTA sponsoring the STANAG] | |
| **Subject:** | **STANAG XXXX Edition [No] RD [No] Ratification.** | |
| **Reference:** | [Cover letter under which subject STANAG RD was submitted] | |
| **Enclosures:** | If applicable, list enclosures, such as reservations, comments or objections. | |

**1. THE FOLLOWING INFORMATION IS SUBMITTED CONCERNING THE SUBJECT STANAG.**

**a. Ratification information**

If a Nation has no involvement with the subject matter covered by the STANAG, the recommendation, is to mark the "Not Participating" block. This enables the STANAG to progress to promulgation in an acceptable timeframe.

| RATIFYING IMPLEMENTING | | RATIFYING FUTURE IMPLEMENTATION | | NOT RATIFYING | NOT PARTICIPATING |
|---|---|---|---|---|---|
| | WITH RESERVATIONS | | WITH RESERVATIONS | | |
| *(A)* | *(B)* | *(C)* | *(D)* | *(E)* | *(F)* |

**b. Intended date of Implementation**

Nations should indicate which service(s), if any, are implementing by placing an intended date of implementation, month and year, in the appropriate box(es), it should normally be stated as a number of months following promulgation of the STANAG for the service to which it applies.

| ARMY | AIR | OTHER |
|---|---|---|
| [Schedule] | [Schedule] | [Schedule] |

**c. National ratification reference and implementation document**

Nations should indicate the national ratification reference and implementation document.

## 2. AMPLIFYING INFORMATION

### a. RESERVATIONS

*Be only used with the positions (B) & (D). Reservation is the formal statement by which a member nation describes the part of the document or documents covered by a NATO standardization agreement that it will not implement or will not implement in full.*

*Nations stating reservations are expected to regularly review the reservation to ensure it is still applicable, and provide change proposals during the normal review process to resolve the reservation(s).*

### b. COMMENTS

*Possibly linked with all the positions. Comments are amplifying remarks, other than reservations, expressed by a Nation as part of its ratification response. Nations, whether implementing or not, may submit comments. Moreover, comments are used to raise an objection to the promulgation potentially linked to position (E).*

## 3. PAPER RELEASE

[One paper copy is/is not required]

**National Authority's SIGNATURE BLOCK**
**Minister of defence**

**NATO CLASSIFICATION**

Прилог 4

| Дел.бр: |
|---|
| Датум: |
| Вк. страници: |

[< ЛОГО НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕДИНИЦА/МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА ИЛИ ГШ НА АРМИЈАТА >]

[<НАЗИВ НА ОЕ-НОСИТЕЛ НА СТАНДАРДИЗАЦИСКА АКТИВНОСТ>]

ДО: Сектор за логистика/Одделение за стандардизација

Предмет: Статус на имплементација на одбранбен стандард:
ОС STANAG [<број на стандардот>]:[<година>] Ед. [<број на едиција>]

Врска: <Врска> [се внесува предлог ратификацискиот одговор]

НАТО документ(Eng.): <NATO Subject/Title>
НАТО документ(МКД): <NATO Subject/Title>
НАТО број: <NATO Number> НАТО датум: <NATO date>
НАТО работна група: <naziv TA/WG>

Во согласност со Правилникот за стандардизација во одбраната, носителот на стандардизациската активност, за горенаведениот НАТО стандард (STANAG) пристапи кон анализа на имплементацијата на истиот, и врз основа на анализата го доставува следениот статус за имплементација на НАТО стандардот (STANAG):

(пополнува носител на стандардизациска активност)

**СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

<table>
<tr><td rowspan="2">Стандардот е имплементиран</td><td colspan="2">Имплементацијата е во тек</td><td rowspan="2">Нема прогрес во имплементација</td><td rowspan="2">Имплементацијата е стопирана/откажана</td></tr>
<tr><td>Не е потребна промена на планиран датум на имплементација</td><td>Потребна е промена на планиран датум на имплементација</td></tr>
<tr><td>(A)</td><td>(B)</td><td>(C)</td><td>(D)</td><td>(E)</td></tr>
</table>

(соодветното поле да се означи со X)

Изработка на национален документ за имплементација на НАТО стандардот (STANAG) (A) (македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Ограничувања (B) и (C), ако постојат (македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Објаснувања (D) и (E), за причините за немање прогрес или стопирање/откажување на имплементацијата (македонски и англиски):
МКД: -
ENG: -

Коментар (доколку постои за A, B, C, D и E):

Прилози (доколку постојат):

Во подготовката на статусот на имплементација на НАТО стандардот (STANAG) учествуваа следните лица:

<чин, име и презиме>
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >

[Носител на стандардизациска активност]

__________________________________

| |
|---|
| Дел.бр: |
| Датум: |
| Вк. страници: |

[< ЛОГО НА ОРГАНИЗАЦИСКАТА ЕДИНИЦА/МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА ИЛИ ГШ НА АРМИЈАТА >]

[<НАЗИВ НА ОЕ-НОСИТЕЛ НА СТАНДАРДИЗАЦИСКА АКТИВНОСТ>]

ДО: Сектор за логистика/Одделение за стандардизација

Предмет: Предлог Национален одговор за имплементација на одбранбен стандард ОС STANAG [<број на стандардот>]:[<година>] Ед. [<број на едиција>]

Врска: <Врска>

НАТО документ(Eng.): <NATO Subject/Title>
НАТО документ(МКД): <NATO Subject/Title>
НАТО број: <NATO Number> НАТО датум: <NATO date>
НАТО работна група: <naziv TA/WG> Рок за одговор: <dokument/NSDD>

Статус на документот: (означи го соодветното поле со X)
- нацрт за потврдување на STANAG (eng. RATIFICATION DRAFT)
- објавен STANAG (eng. PROMULGATED)

Во согласност со Правилникот за стандардизација во одбраната, носителот на стандардизациската активност, изврши анализа на имплементацијата на горенаведениот НАТО стандард (STANAG), и врз основа на истата го доставува следниот предлог Национален одговор за имплементација на НАТО стандардот (STANAG):

(пополнува предлагачот)

**ПРИФАЌАЊЕ/ ПОТВРДУВАЊЕ**

**Ажурирана информација за прифаќање/потврдување (engl. UPDATED RATIFICATION INFORMATION):**

| Прифаќање/потврдување и имплементација | | Прифаќање/потврдување со идна имплементација | | Неприфаќање/ непотврдување | Без учество |
|---|---|---|---|---|---|
| | со задршки | | со задршки | | |
| (A) | (B) | (C) | (D) | (E) | (F) |

(соодветното поле да се означи со X)

(пополнува предлагачот во случаи кога е штиклирано A или B од претходната табела)

**ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

| Планиран датум на имплементацијата (мм/гг) : | | |
|---|---|---|
| **Копнена војска** | **Воздухопловство** | **Останато** |
| / | / | / |

(соодветното поле да се означи со: **мм/гг** – за STANAG во статус PROMULGATED
**DOP+мм** - за STANAG во статус RD

**Изработка на национален документ за имплементација на НАТО стандардот (STANAG) (македонски и англиски):**
**МКД: -**
**ENG: -**

**Задршки (B) и (D), ако постојат (македонски и англиски):**
**МКД: -**
**ENG: -**

**Објаснувања (E) и (F), за причините зошто без потврдување или без учество (македонски и англиски):**
**МКД: -**
**ENG: -**

**Коментар (доколку постои за A, B, C и D):**

**Прилози (доколку постојат):**

Во подготовката на предлог Националниот одговор за имплементација на НАТО стандардот (STANAG) учествуваа следните лица:

<чин, име и презиме>
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >
< чин, име и презиме >

[Носител на стандардизациска активност]

___________________________

**NATO CLASSIFICATION**

| | | |
|---|---|---|
| **Originator:** | [Member Nation] | **[National reference]** |
| **To:** | NSO | |
| **Cc:** | [TA/DTA sponsoring the STANAG] | |
| **Subject:** | **Actual implementation of the STANAG XXXX Edition [No].** | |
| **Reference:** | a.[Cover letter under which subject STANAG was submitted] | |
| | b. National reference to the ratification response | |
| **Enclosures:** | If applicable, list enclosures, such as reservations, comments | |

## 1. UPDATED RATIFICATION INFORMATION

| RATIFYING IMPLEMENTING | | RATIFYING FUTURE IMPLEMENTATION | | NOT RATIFYING | NOT PARTICIPATING |
|---|---|---|---|---|---|
| | WITH RESERVATIONS | | WITH RESERVATIONS | | |
| *(A)* | *(B)* | *(C)* | *(D)* | *(E)* | *(F)* |

## 2. EFFECTIVE INFORMATION ON IMPLEMENTATION

### a. Effective date of Implementation

Nations should indicate which service(s) has implemented by placing an actual date of implementation, in month and year, in the appropriate box(es).

| ARMY | AIR | OTHER |
|---|---|---|
| [date] | [date] | [date] |

### b. National Implementing document(s):

[National references]

## 3. UPDATED RESERVATIONS

*Reservations included in reference b are replaced by the following reservations.*

## 4. COMMENTS

*Comments included in reference b are replaced by the following comments.*

**National Authority's SIGNATURE BLOCK**

**Minister of defence**

________________________

NATO CLASSIFICATION

Прилог 7

СТЕПЕН НА НАТО КЛАСИФИКАЦИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

НОСИТЕЛ НА СТАНДАРДИЗАЦИСКА АКТИВНОСТ: XXXXXXXXXXXXXXX
ОБЛАСТ НА СТАНДАРДИЗАЦИЈА: XXXXXXXXXXXXXX

ОС STANAG XXXX: XXXX година, Ед.XX,

Назив на стандардот: XXXXXXXXXX

Деловоден број: XXXXXXX

Носител на стандардизациска активност

-----------------------------------------------

СТЕПЕН НА НАТО КЛАСИФИКАЦИЈА

**ПОДГОТВИЛ:** НОСИТЕЛ НА СТАНДАРДИЗАЦИСКА АКТИВНОСТ XXXXXXXXXXXXXXXXXX
ОБЛАСТ НА СТАНДАРДИЗАЦИЈА: XXXXXXXXXXXXXX

Име и презиме: XXXX
Име и презиме: XXXX
Име и презиме: XXXX
Име и презиме: XXXX
Име и презиме: XXXX

**ДЕТАЛИ ЗА ПРИФАЌАЊЕ/ПОТВРДУВАЊЕ:** XXXXXXXXXX

# STANDARDIZATION INQUIRY

| Please insert NATO classification | |
|---|---|
| Once completed, please submit to the appropriate tasking authority/delegated tasking authority (TA/DTA).<br>For top-down standardization, only PART 2.<br>For bottom-up standardization, PART 1 and 2 for Allies. PART 2 for partner nations and NATO bodies. | |
| **1. Reference Number:***Please copy the reference number from the standardization Proposal or draft standardization task.* | **2. Date:***Please insert the date of your response.* |
| **3. National document number:***Please provide national document number if required due to national procedures.*<br><br>**Date:***Please provide the date of the national document.* | |
| **4. Respondent:***Please insert the name of your nation or NATO body on behalf of which you are responding.* | |
| **5. Tasking Authority / Delegated Tasking Authority:***Please copy the TA/DTA from the standardization proposal or draft standardization task.* | |
| **6. Subject:***Please copy the subject from the standardization proposal or draft standardization task.* | |

**PART 1**

| |
|---|
| **7. Do you concur with the identified standardization deficiency and impact on interoperability?**<br>☐Yes☐No |
| **8. Do you support the proposed standardization solution?**<br>☐Yes, completely☐Yes, with modification (see section below)☐No<br><br>**If no, why?** |
| **9. How would you modify the proposal?***Please also indicate if you do not agree with the level of standardization proposed.* |
| **10. Which covering document do you consider appropriate for the proposed standardization solution?**<br>☐STANAG☐STANREC<br><br>**Please explain:** |

**PART 2**

| |
|---|
| **11 Do you have additional information on the standardization need and impact on interoperability identified?** |
| **12. Will you take part in the development of the standardization solution?**<br>☐Yes, as a working group member☐Yes, as custodian☐No |

| |
|---|
| **13. Do you have information on capabilities related to the standardization solution?***Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **14. Do you know any existing suitable non-NATO standardization solution that should be adopted by NATO or interested civil Standard Developing organizations for co-development?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **15. Which working group do you think is best suited to develop the standardization solution?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **16. Do you know of any partner nations which may/need to be involved in the development and adoption of the standardization solution? Please provide appropriate information.** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **17. Do you know of any NATO bodies' which may/need to be involved in the development and implementation/use of the standardization solution?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **18. Do you know of any other actors which might/need to be engaged in the development of the standardization solution?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **19. Which classification do you think the standardization solution should hold? If classified, is the creation of a supplement or multinational publication necessary/desirable?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **20. By when should the standardization solution be developed?** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **21. In which language does the standardization solution need to be available?**<br>☐English☐French☐Both |
| **22. For STANAG only, which promulgation criteria do you think is appropriate for the standardization solution?***Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **23. Do you think there is a need for a NATO effective date? Please provide appropriate information.** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **24. Are you aware of any relationship to existing NATO documents? Please provide appropriate information.** *Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.* |
| **25. Which military services will be affected by the standardization solution?** *[Please indicate only if different from the standardization proposal or draft standardization task.]*<br>☐Joint☐Air☐Land☐Maritime☐Other |
| **26. Other information:***Please report any other information you consider relevant.* |

| | |
|---|---|
| **27. Contact Information:** | |
| **28. Name and signature:**<br>Name:<br><br>Signature: ______________________________ | <br>*[please provide your full name]*<br><br>*[please sign]* |

Прилог 9

СТЕПЕН НА КЛАСИФИКАЦИЈА

Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

СОВЕТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА И КОДИФИКАЦИЈА

# ПЛАН ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА ВО ОДБРАНАТА

# ЗА XXXX ГОДИНА

ОДОБРУВА:
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ ЗА
СТАНДАРДИЗАЦИЈА И КОДИФИКАЦИЈА

(ММ, XXXX година)

СТЕПЕН НА КЛАСИФИКАЦИЈА

План за стандардизација во одбраната

за XXXX година

| Ред. бр. | Ознака и назив на стандардот | Квартал | | | Статус на стандардот: | | | Поврзаност со целна способност (capability target) | Носител на стандардизациска активност | Област на стандардизација | Стручно лице од предметна област |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | А | Б | В | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

А - ратификација

Б - имплементација

В – ревизија

Одделение за стандардизација/СЛ

______________________________